У-5.бр.1291/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот МОТО АЗУРО ДООЕЛ – Скопје, преку полномошник адвокат Симона Лескароска од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1022/9 од 19.11.2020 година под став 3 од изреката - за надомест на трошоците , за избор на најповолна понуда, на седница на совет одржана на 28.01.2021 година донесе

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот МОТО АЗУРО ДООЕЛ – Скопје, против оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1022/9 од 19.11.2020 година под став 3 од изреката - за надомест на трошоците, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА:

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот Симона Лескароска адвокат од Скопје за надомест на трошоците во постапката во износ од 20.780,00 денари , СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со изреката на оспореното Решение бр.08-1022/9 од 19.11.2020 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки под 1) ја уважила жалбата на МОТО АЗУРО ДООЕЛ – Скопје (сега тужителот), изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.0502-10/5 од 02.11.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.14048/2020 за набавка на стоки – набавка на 15 моторцикли со полициски ознаки и дополнителна опрема согласно спецификација на договорниот орган Републички Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија, под 2) ги поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.0502-10/5 од 02.11.2020 година и постапката за јавна набавка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.14048/2020 и под 3) го задолжила договорниот орган на жалителот – сега тужител да му ги надомести трошоците за жалбената постапка кои се однесуваат за такса за жалба во износ од 250,00 денари и такса за надомест за водење на постапката во висина од 12.340,00 денари, како и адвокатски трошоци во висина од 7.300,00 денари и тоа за состав на жалба во износ од 6.000,00 денари и состав на полномошно во износ од 1.300,00 денари, додека барањето за исплата на надомест за адвокатски трошоци во останатиот износ го одбила како неосновано, од причина што полномошникот на тужителот во ЕСЈН не доставил решение за ДДВ обврзник.

Незадоволен од ставот 3 од изреката на оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-1022/9 од 19.11.2020 година, во делот на барањето за исплата на адвокатските трошоци, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено во овој дел поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај адвокатските трошоци се пријавени во постапката по жалба и истите се прецизирани за кое дејствие се однесуваат со Трошковник изготвен согласно Адвокатската тарифа. Предјави и трошоци за такса за тужба и одлука во управен спор во износ од 1.280,00 денари, како и адвокатски трошоци за состав на тужба и полномошно во вкупен износ од 19.500,00 денари.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение под став 3 од изреката во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека тужителот преку полномошник адвокат Симона Лескароска од Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.0502-10/5 од 02.11.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.14048/2020 за набавка на стоки – набавка на 15 моторцикли со полициски ознаки и дополнителна опрема согласно спецификација на договорниот орган Републички Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија.

По приемот на жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки го донела оспореното Решение бр.08-1022/9 од 19.11.2020 година со кое ја уважила жалбата на МОТО АЗУРО ДООЕЛ – Скопје (сега тужителот) изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.0502-10/5 од 02.11.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.14048/2020 за набавка на стоки – набавка на 15 моторцикли со полициски ознаки и дополнителна опрема согласно спецификација на договорниот орган Републички Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија, како и ги поништила одлуката за избор на најповолна понуда и постапката за јавна набавка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.14048/2020 и го задолжила договорниот орган на жалителот – сега тужител да му ги надомести трошоците за жалбената постапка кои се однесуваат за такса за жалба во износ од 250,00 денари и такса за надомест за водење на постапката во висина од 12.340,00 денари, како и адвокатски трошоци во висина од 7.300,00 денари и тоа за состав на жалба во износ од 6.000,00 денари и состав на полномошно во износ од 1.300,00 денари, додека барањето за исплата на надомест за адвокатски трошоци во останатиот износ го одбила како неосновано, од причина што полномошникот на тужителот во ЕСЈН не доставил решение за ДДВ обврзник.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение, во делот на одлучувањето за трошоците за водење на управната постапка пред второстепен орган, не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 166 став 7 в.в. став 3 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), во случај на целосно усвојување на жалбата договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката, така што Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението.

Согласно членот 8 дел I точка 9 од Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите („Службен весник на РМ“ бр.13/2017), за управна постапка наградата изнесува 6.000,00 денари.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното решение во делот за распределба на трошоците за водење на жалбената постапка, покрај надоместот за водење на постапка, одлучил на жалителот – сега тужител да му ги надомести трошоците за состав на жалба во износ од 6.000,00 денари и состав на полномошно во износ од 1.300,00 денари.

Горе наведеното како резултат на фактот што имајќи предвид дека жалителот – сега тужител, успеал во жалбената постапка, односно поднесената жалба била целосно усвоена, па имајќи го предвид ваквиот резултат, а согласно членот 166 став 7 в.в. став 3 од Законот за јавните набавки, како и цитираните одредби од член 8 точка 9 од Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите, тужениот орган правилно ги толкувал наведените одредби кога го задолжил договорниот орган покрај трошоците за водење на постпаката и административните такси, да му ги надомести на тужителот и трошоците за пишување на писмени состави во управна постапка во износ од 6.000,00 денари, одбивајќи го барањето за зголемување на истите за износот на ДДВ, од причина што полномошникот на тужителот не доставил како доказ во системот на ЕСЈН решение за ДДВ обврзник.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно ги применил одредбите кои го регулираат надоместот на трошоците за водење на управната постапка пред второстепен орган, поради што констатира дека оспореното решение под став 3 од изреката е законито.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во обрзложението на оваа одлука.

Во однос на барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците во постапка по тужбата пред Управен суд по Адвокатски тарифник и тоа : за состав за тужба износ од 7000,00 денари, за состав на редовен правен лек ако адвокатот не учествува на расправа или претрес износ 7000, 00 денари, за полномошно 1000,00 денари, на име 30% паушал за сите споредни дејствија што се тарифирани , за судска такса за тужба 480.00 денари и судска такса за одлука 800,00 денари или се во вкупен износ од 20.780,00 денари ,Судот ги одби како неосновани, согласно одредбите од членот 86 став 3 од Законот за

управните спорови („Службен весник на РСМ 96/2019), согласно кои одредби, доколку Судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката и одлучи како под II. од изреката на одлуката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на 22.01.2021 година, под У-5.бр.1291/2020.

Записничар- раководител на одделение Јован Трпевски

Претседател на советот - Судија м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р. Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави до:
- ужител преку полномошник адвокат Симона Лескароска од Скопје
- тужениот орган

Претседател на советот - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВТ/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник